**ЧИТАЊЕТО РОМАНИ Е ПОВРЗАНО СО ЗГОЛЕМЕНА ЕМПАТИЈА**

Колку повеќе фикција - романи, раскази, новели и поезија читате, толку сте поемпатични и толку подобри резултати би можеле да постигне на тестови за социјална интелигенција. За споредба, читањето стручна литература и воопшто книги базирани на факти, покажува обратна поврзаност. Овие резултати се добиени на Универзитетот во Торонто со истражувањата на Рејмонд Мар и неговите соработници кои велат дека нивните наоди можат да бидат корисни во подучувањето на децата и возрасните како да ги разберат другите.

Секогаш е тешко да се дознае колку некој чита зашто е социјално пожелно луѓето на ова прашање да одговорат дека читаат многу. Мар и соработниците го избегнале ова така што побарале од 94 учесници да идентификуваат имиња на автори кои пишуваат фикција и на оние кои пишуваат стручна или научна литература. Нивните имиња биле впишани во долга листа имиња на која имало и имиња на луѓе кои воошто не се автори. Претходни истражувања покажале дека овој тест е добар показател на тоа колку луѓето навистина читаат.

Колку повеќе автори на фикција учесниците препознале, толку повеќе имале тенденција да покажат повисок резултат на тестовите за социјална свесност и емпатија - на пример да препознаат нечија емоција од слика на која што се гледаат само очите или да бидат во состојба да ја заземат перспективата на другиот. Препознавањето на повеќе автори што пишуваат *не-фикција* покажало поврзаност во обратен правец.

Истражувачите претпоставуваат дека читањето белетристика може да ја подобри социјалната интелигенција на два начина – преку покажување конкретно социјално знаење за начинот на којшто луѓето се однесуваат и преку носење заклучоци за намерите на другите и следење на односите меѓу луѓето. Читачите на *не-фикција* „не успеваат да симулираат такви искуства што може да доведе до недостаток од социјални вештини како резултат на нивно изолирање од социјалниот свет".

Сепак, недостаток на студијата е тоа што насоката на каузалност не е воспоставена – резултатите можат да значат и дека луѓето што се поемпатични преферираат да читаат романи.

Изворниот текст може да се најде на: http://digest.bps.org.uk/2006/10/reading-novels-linked-with-increased.html